**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 21.04.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Симе Златески, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 13-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека ќе се разгледува Предлог-записникот од 12-та седница одржана на 03.03.2020 година и дека стои истата забелешка од г-дин Фиданоски дека и овде записникот е ставен на усвојување со големо задоцнување од близу 50 дена.

Г-дин Трајчев рече дека има забелешка на страна 6 од Записникот, во вториот пасус, четвртиот ред и предложи зборовите „кога ќе“ да се коригираат во „пред да“ за да се добие суштината на неговата дискусија.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа измена може прилично да влијае на неговиот исказ. Праша дали ја има гледано снимката дека така вели или пак можеби тоа сакал да го каже?

Г-дин Трајчев рече доколку овој записник би се усвоил веднаш на следната седница, секако дека и веднаш ќе се коригирало, ќе се дискутирало и ќе се кажело. Објасни дека не ја прегледал снимката од седницата но тоа е она што го мислел кое е согласно Законот. Посочи дека ова е записник кој се става на усвојување ако не после 52 дена тогаш после 48 дена и поради таа дистанца што е направена не е дадена можност на време да се реагира. Ова е законска формулација и затоа бара да се коригира.

Г-дин Петрушевски рече дека побараната корекција може да ја измени суштината на неговиот исказ, не е сигурен дали да ја прифати и дали да се провери бидејќи околу сите овие записници се провлекува судбината на ЈОН РАДИО. Не е едноставно тоа што како Совет го решиле и тоа што се случило.

Г-дин Трајчев рече дека знае што мислел кога го кажал ова, бидејќи е согласно Законот и не може да прифати да биде спротивно на тоа. Рече доколку сметаат може да се одложи записникот, со тоа што снимката од седницата да се достави до сите членови и да ги проверат сите работи.

Г-дин Петрушевски рече и да го прифатат неговиот предлог не му смета затоа што секако како што кажале аудио и видео снимката е придружен дел на записникот, така што и да згрешат односно и тој да згреши прифаќајќи го неговиот исказ не е грешка затоа што точната информација ја имаат во аудио и видео снимката.

Г-дин Трајчев рече дека знае што мислел и затоа го кажува ова како забелешка.

Г-дин Петрушевски рече дека не му смета и ќе ја прифати неговата забелешка за да има една компактност.

Г-дин Фетаи рече дека би ја поддржал идејата на г-дин Трајчев, ако мислел поинаку а е запишано друго. Понекогаш во моментот едно мислат и можеби со зборови не успеваат таа мисла да ја доловат како што треба. И тој имал некоја забелешка во записникот но сепак решил да остане онака како што е запишано. Ако инсистира г-дин Трајчев рече дека тој би го прифатил тоа.

Г-дин Петрушевски рече дека веќе прифатил да биде онака како што предложил г-дин Трајчев за да бидат компактни со една забелешка дека аудио и видео снимката си стои ако дојде до проблем со оваа формулација.

Г-дин Трајчев рече ако веќе стои таа забелешка на г-дин Петрушевски сака да стави и негова забелешка дека доколку записникот бил ставен во редовна процедура со рокови кои што треба да бидат на наредна седница, во секој случај ова прашање би се расчистило во тој момент и не би имало никаков проблем и секако би можело да следи дополнителна дискусија по ова прашање. Со оглед на фактот дека записникот на разгледување е ставен по 48 дена негова должност е да го каже тоа што го мислел во моментот кога го зборувал.

Г-дин Петрушевски рече дека негова работа е како ги толкува неговите зборови, и никој не може да знае што мислел.

Советот на Агенцијата со предложената корекција од г-дин Трајчев, едногласно го усвои Записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

Бр. 02-1002/10
06.05 2020 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ / SHKUP